РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-4711/2
02.12 2019год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16 и 99/18),

Градоначалникот на Општина Велес, на ден ______.2019 година донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Изменување и дополнување Детален Урбанистички План за дел од УЕ 3, УБ 24 и дел од УЕ 6 и УБ 35, Општина Велес, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 44/15 и 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, за планскиот документ Изменување и дополнување на ДУП за дел од УЕ 3, УБ 24 и дел од УЕ 6 и УБ 35, Општина Велес, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Донесувањето на планскиот документ опфаќа мала област од локално значење и е со носечка намена: А1-домување во станбени куќи, А2-домување во станбени згради, А3-групно домување, Б1-мали комерцијални и деловни намени, В1- образование и наука, В3-култура, В5-верски институции, Д1-парковско зеленило, Е1-Комунална инфраструктура и Е2-Комунална супраструктура.
- Со планскиот документ не се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

Изработил: ДП
Одобрил: БШМ